**Барање и Одговор 23-3332**

1. Предлог буџет за 2023 година.Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

   Буџетот за 2023 година кој е објавен на веб страната на општината е истиот буџет, кој како предлог буџет се носи на усвојување од страна на Совет на општината. Во прилог е линк на кој можете на го видите буџетот за 2023 година
   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Буџет-2023-год..pdf

2. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2018-2022). Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.
   На веб страната на Општина Кавадарци се објавени извештаи од Државен Завод за ревизија од 03.05.2018 година. Во прилог Ви испраќам линк
   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/1_40_ELS_Kavadarci_Snmetka_osnoven_budzet_630_KOMPLET_2018_REDUCE-1.pdf

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/2_40_FR_ELS_Kavadarci_Smetka_organ_637_KOMPLET_2018_REDUCE.pdf

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/3_40_FR_ELS_Kavadarci_Smetka_na_prihod_nabudzet_na_dotacii_930_2018_REDUCE.pdf

3. Отчет за 2022 година. Доколку е објавен на Вашата веб страна , Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни г и доставите во елекронска форма. Отчетот е објавен на веб страната на општината и во прилог Ви испраќам линк

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Отчет-2022-WEB.pdf

4. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски, спроведени анкети) во 2022 година за вклучување на граѓаните во носење на локални политики за следната година. Доколку имате објава на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истата.

   Во 2022 година се спроведени собири и дискусии со месни и урбани заедници, во врска со нивните потреби. Дадени се предлози и барања од нивна страна, а исто така секоја месна/урбана заедница поднесува предлог-програма до Советот на општината за нивните потреби. Дел од овие предлози се вметнуваат во програмите на општината за 2023 година, што значи дека граѓаните се вклучуваат во локалните политики.

5. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година. Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

Во 2022 година се спроведени собири и дискусии со месни и урбани заедници, во врска со нивните потреби. Дадени се предлози и барања од нивна страна, а исто така секоја месна/урбана заедница поднесува предлог-програма до Советот на општината за нивните потреби. Дел од овие предлози се вметнуваат во програмите на општината за 2023 година, што значи дека граѓаните се вклучуваат во локалните политики. Во прилог - ви испраќам Записници составени по извршените состаноци со месните/урбани заедници од 09.12.2021 година.

6. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

   Граѓаните се известуваат преку записниците кои месните/урбани заедници ги потпишуваат со општината , а исто така секој граѓанин може слободно да се информира за предлозите и барањата дали се вклучени во програмата за наредната година.

7. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

   На самите средби со месни/урбани заедници, а доколку предлогот е испратен од граѓанин се информира со соодветено известување и одговор.

8. Стратегија за управување со ризици. Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни доставите во електронска форма.

   Во прилог линк од Стратегијата за управување со ризици при Општина Кавадарци
   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/arhiva/Strategija-so-upravuvane-na-rizitsite-na-opshtina-Kavadartsi.pdf

9. Дали граѓаните редовно писуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

   Седниците на Совет се отворени и јавни, се емитуваат во живо, а доколку граѓаните поднесат известување за нивно присуство на истите, можат слободно да присуствуваат.

10. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

    Преку јавните гласила и јавните медиуми, на веб страната на Општина Кавадарци, на Огласната табла на општината и доколку граѓаните најавиле присуство се информираат со лична покана.

11. Дали извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година?

    Не е организирана јавна расправа од страна на извршната власт.

12. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка имало присутно граѓани?

Седниците на Совет се јавни и транспарентни за сите граѓани.